# Обработка на текстот „Помош“

(техника ѕвезда)

Стр.79

Наставник: Љумние Љама

- **Да се чита текстот неколку пати**
- **Обработка на текстот со техника ѕвезда**

**Техниката се употребува за анализа на елементите од текстот**

- Се започнува со прашањето од врвот на приказната, а одговорите ги запишува покрај содветнитот крак
- Постапката се повторува за секој крак од ѕвездата
- Секоја приказна има ликови, место на случување на дејството, проблем, решение и важни настани при што покажува на содветниот крак на ѕвездата
- На почеток техниката се работи заеднички а потоа учениците се остават да работат индивидуално



**ПОМОШ**

Наутро, подготвувајќи се да тргне на работа, таткото му се обрати на Орхан:

- Орхан, донеси ми го мантилот!
- Мамо, донеси му го на тате мантилот! – рече Орхан.
- Орхан, дај ми ги чевлите! – рече таткото.
- Мамо, дај му ги на тате чевлите! – рече Орхан.
- Орхан, дај ми го чадорот! – рече таткото.
- Мамо, дај му го на тате чадорот! – рече Орхан.
- Орхан, дај ми ја чантата! – рече таткото.
- Мамо, дај му ја на тате чантата! – рече Орхан.

И, ете, така во тоа утро Орхан му помагаше на својот татко. Навистина нема што да му се замери.

**Неџати ЗЕКИРИЈА**

**РАЗМИСЛИ И КАЖИ**

- Како Орхан му помагал на својот татко?
- Како ти им помагаш на твоите родители?

Кој учествува во расказот?

Кој е твојот омилен дел на расказот?
Зошто?

Каде се случува настанот?

Дали постои проблем?
Кој е тој?
Како се реши проблемот?

Најважните случки на настанот?